РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МЕЃУНАРОДЕН УНИВЕРЗИТЕТ ВО СТРУГА
UNIVERZITETI NDËRKOMBËTAR NË STRUGË
Бр.Nr 02 - 427/3
28.09. 2023 г.v.
СТРУГА-STRUGË

Архивски знак / Shenja Arkivore 0201
Рок на чување / Afati i ruajtjes Трајно
28.09.23 г./v. Потпис/Nënshkrim

Врз основа на член 110 од Законот за високо образование (Сл. весник на РСМ бр. 82/18 и 178/21) и член 92 од Статутот на Меѓународниот Универзитет во Струга, Сенатот на Универзитетот, на седницата одржана на ден 28.09.2023 година, го донесе следниов:

# ПРАВИЛНИК ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ КВАЛИТЕТ НА МЕЃУНАРОДНИОТ УНИВЕРЗИТЕТ ВО СТРУГА

АРХИВСКИ ПРИМЕРОК

**Член 1**

Со овој Правилник се уредуваат целта, намената, подрачјата, структурата и делувањето на системот за обезбедување квалитет на Меѓународниот Универзитет во Струга (Универзитетот), како и други прашања поврзани со квалитетот на работа на Универзитетот.

Со Правилникот се утврдуваат стандардите и постапката на оценување и мерките на обезбедување на квалитетот на сите елементи на наставниот процес и останатите дејности на универзитетот: студиски програми, стручно-педагошката и научноистражувачката дејност на наставниците и соработниците, работата на студентите и ненаставниот кадар, наставни материјали, простор и опрема, финансирање и управување со универзитетот, заради утврдување на постигнатото ниво на квалитет и негово перманентно подобрување.

Квалитетниот наставен процес треба да обезбеди ефикасно студирање, високо ниво на знаење и компетенции на дипломираните студенти на Меѓународниот Универзитет во Струга.

**Член 2**

Основната цел на системот за обезбедување квалитет на Универзитетот е постигнување највисок степен на квалитет во високообразовната, научно-истражувачката и административната работа на Универзитетот преку критичко согледување на состојбите во сите сфери на работењето, како и промовирањето култура на квалитет.

**Член 3**

Намената на системот за обезбедување на квалитет е воспоставување на начела, критериуми, процедури, постапки и методи за обезбедување на квалитетот, почитувајќи ги притоа одредбите од Законот за високото образование, Статутот на Универзитетот, Упатството и критериумите за начинот на обезбедување и оценување на квалитетот на високообразовните установи и академскиот кадар во Република Северна Македонија.

**Член 4**

Основните постапки на обезбедување на квалитетот се следните:

- Дефинирање на мисија и стратегија на системот за обезбедување на квалитет
- Поставување на мерливи цели во рамките на дефинираната мисија и стратегија
- Формулирање на процесот за остварување на мисијата и стратегија, како и обезбедување на остварувањето на целите
- Мерење и анализа на достигнувањата во однос на поставените цели
- Преземање на активности за корекција и превенција на состојбите
- Дефинирање на нови цели.

**Член 5**

Во системот за обезбедување на квалитет учествуваат сите наставници, соработници, ненаставниот кадар и студентите на универзитетот.

Субјектите за обезбедување на квалитет учествуваат во системот на квалитет самостојно или преку соодветните органи на универзитетот и тоа: органите на управување, раководните органи, стручните служби и Студентскиот парламент.

Сите субјекти за квалитет се должни да ги обезбедуваат сите неопходни информации кои се однесуваат на прибирање податоци заради оцена и обезбедување на квалитетот.

**Член 6**

Подрачјата за обезбедување и подобрување на квалитетот во работењето на Универзитетот се:

1. Менаџмент со Универзитетот и административно-стручна поддршка
2. Наставниот процес
3. Научно-истражувачка работа
4. Студиски програми (на сите циклуси)
5. Наставници и соработници
6. Студенти
7. Учебници и литература, библиотечни и информациски ресурси
8. Простор и опрема
9. Општествена оправданост

**Член 7**

Структурата на системот за обезбедување на квалитет ја сочинуваат и неговото делување го реализираат телата на Универзитетот коишто меѓусебно соработуваат во спроведувањето на постапките за обезбедување и унапредување на квалитетот во работењето и тоа:

- Комисија за самоевалуација на ниво на Единица во рамките на Универзитетот
- Комисија за самоевалуација на ниво на Универзитетот
- Ректорската Управа

- Факултетски комисии
- Наставно-научните и Научните совети на Единиците во рамките на Универзитетот
- Стручна и административна служба на Универзитетот.

**Член 8**

Системот за обезбедување квалитет овозможува континуирано следење на квалитетот во работењето на Универзитетот и негово обезбедување преку:

- Самоевалуација
- Студентска анкета
- Примена на ИСО стандард
- Други постапки и процедури.

**Член 9**

Самоевалуацијата на Универзитетот и Единиците во негов состав се спроведува на интервали од најмногу три години, а самоевалуационата постапка ја спроведуваат Комисиите за самоевалуација формирани на Единиците во рамките на Универзитетот и Комисијата за самоевалуација формирана на ниво на Универзитет и истите ги сочинуваат претставници на наставниците и студентите.

Резултатите од самоевалуацијата се составен дел на Извештајот за самоевалуација и задолжително се објавуваат на веб страната на Универзитетот.

**Член 10**

Дел од постапката за самоевалуација е и студентската анкета, преку која се прибира и формира оценката на студентите за квалитетот на студиските програми и наставно-научниот и соработничкиот кадар на Универзитетот. Оценката од студентската анкета се зема предвид при напредувањето на наставниците и соработниците во повисоко наставно-научно звање.

**Член 11**

Комисиите за самоевалуација на Единиците на Универзитетот, како и Комисијата за самоевалуација на Универзитетот, изготвуваат извештај за резултатите од самоевалуацијата, со оценка за состојбата и со предлози за подобрување во подрачјата на внатрешното обезбедување и унапредување на квалитетот во работењето на Универзитетот и Единиците во негов состав, во интервали од најмногу 3 (три) години, за периодот од една до друга спроведена постапка за самоевалуација.

**Член 12**

Овој Правилник може да се изменува и дополнува од страна на Универзитетскиот Сенат.

**Член 13**

Да се донесе одлука за Политика за квалитет и истата да се објави на веб страната на Универзитетот.

**Член 14**

Да се донесе одлука за утврдување на тело, кое ќе биде надлежно за развојот и имплементацијата на Политиката за квалитет и истата да се објави на веб страната на Универзитетот.

**Член 15**

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето.

Струга, 28.09.2023

**Меѓународен Универзитет во Струга**

**Претседател на Сенат**

**Проф. д-р Биљана Цигловска Бојчевска**